Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Јавна Здравствена установа КЛИНИЧКА БОЛНИЦА ШТИП-Штип застапувано од Владко Захариев и со Записник бр.ИП1 29-62 од 26.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 сав 1 алинеа 5,6,11 и 17 од Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 3/25) донесе:

# РЕШЕНИЕ

1)СЕ ЗАБРАНУВА правниот субјект ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип да складира медицински отпад на терасите во клиничкиот центар, отпадот да се складира на локации кои се согасно законските прописи.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **веднаш** од ден на прием на Решението.

2)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип -местата кои не се обележани за складирање на медицински и патолошки отпад уредно да се обележат.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 2 на ова Решение, изнесува **5(пет)** дена од ден на прием на Решението.

3)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип -евиденцијата за отпадот да се води согласно законските прописи.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 3 на ова Решение, изнесува **5(пет)** дена од ден на прием на Решението.

4) СЕ ЗАДОЛЖУВА Правниот субјект ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип -програмата за управување со отпад да се достави до надлежен орган при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 4 на ова Решение, изнесува **10(триесет)** дена од ден на прием на Решението

5) СЕ ЗАДОЛЖУВА Правниот субјект ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип- централното одлагалиште да се огради согласно најдобрите достапни техники и истото да се обележи.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 5 на ова решение, изнесува **30(триесет)** дена од ден на прием на Решението

6) СЕ ЗАДОЛЖУВА Правниот субјект ЈЗУ КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип- да се обележат патеките каде се движи медицинскиот отпад.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 6 на ова решение, изнесува **30(триесет)** дена од ден на прием на Решението

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1,2,3,4,5 и 6 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

**Образложение**

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 116 став 1 Закон за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 03/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Јавна Здравствена установа КЛИНИЧКА БОЛНИЦА-Штип и со Записник бр. ИП1 29-62 од 26.01.2026 година, ја утврди фактичката состојба:

Извршен е редовен инспекциски надзор во правниот субјект Јавна здравствена установа КЛИНИЧКА БОЛНИЦА Штип. Од Надзорот е констатирано дека медицинскиот отпад се селектира и собира во посебни садови, дел од садовите се обележани дел не се обележани . Медицинскиот отпад се предава на овластен собирач Ремондис Медисон ДОО Битола со кој имаат склучен Договор за превземање на медицински отпадот, број на договор 08/9611 од 28.02.2025 година. За предадените количини на медицински отпад поседуваат Транпортни и Идентификациони формулари последно од 31.12.2025 година, каде што се гледа почетна и крајна дестинација на отпадот. Од одговорното лице сме извести дека на годишно ниво продуцираа повеќе од 26.175 кг инфективен отпад ,и над 320 кг патолошки отпад. Исто така од одговорното лице сме известени дека имаат назначео лице за управување со отпад Билјана Рогожарска со положен стручен испит согласно Законот за управување со отпад со број 12-6517/3 од 21.11.2024 година, на увид ни доставија Решение со кое се назначува лицето Билјана Рогожарска за управител со отпад. Одговорното лице изјави дека поседува тригодишна Програма за управување со отпад која не е доставена до МЖСПП. Имаат доставено годишен извештај до органот на управата надлежен за работите од областа на животната средина при МЖСПП со број 03-37 од 13.01.2026 година за предходната 2025 година. Од одговорното лице сме известени дека не поседуваат Елаборат за заштита на животната средина кој согласно уредбата потребно е да се достави до Општина Штип на одобрување. На увид ни доставија Записник од извршена обука на лица кои го собират и одлагат медицинскиот отпад на локација која е предвидена за таа намена. Од изјава на одговорното лице сме известени дека ЈЗУ Клинички центар Штип го превземаат медицинскот отпад од Центар за јавно здравје Штип кој го складираат на локација предвидена за времено складирање на Медицински отпад. Отпадот кој се собира од болничките оделенија на две локации се одлага на тераси во клиничкиот центар кои не се оградени. Централното одлагалиште е оградено со челична конструкција и со крупна мрежа. Патолошкиот отпад се складира во замрзнувачи во простории со цврста градба. Патеките по кај се движи медицинскиот отпад дел не се обележани. Евиденцијата за отпадот

кој се води во тетратка да се води уредно согласно пропишаните законски прописи. Од одговорното лице сме известени дека центар за Трансфузија отпадот го одлагат на локација која е предвидена за одлагање на медицински отпад во кругот на Клиничката болница. Комуналниот отпад се предава на ЈП Исар Штип на увид ни доставија фактури за превземен комунален отпад.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116 став 1 од Законот за управување со отпад, а во врска со член 117 сав 1 од Законот за управување со отпад, се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.
**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број ИП1 29-62 од 26.01.2026**

Државен инспектор за животна средина
**Зоран Стојнев**

**М.П.**

---------------------------------------------------------------

со службена легитимација
број 06-0023 од 17.05.2022год.